РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Сектор за макроекономска политика

# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

**март 2014 година**



Скопје, мај 2014

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

Март 2014 година

- Индустриското производство во март 2014 година во споредба со март 2013 година забележа раст од 0,6%;

- Стапката на инфлација на годишна основа изнесува 0,2%, додека на месечна основа е негативна во износ од 0,3%. Просечната стапка на инфлација во првите три месеци од 2014 година изнесува 0,6%;

- Годишен раст на физичкиот обем на извозот во периодот јануари - март 2014 година од 10,7%, со вредносен раст од 12,7% и раст на увезените количини на стоки од 0,5%, со вредносен раст од 8,9%, што резултираше со зголемување на трговскиот дефицит за 2,3% во однос на истиот период 2013 година;

- Раст на вкупните приходи во Буџетот од 8,0% и на вкупните расходи од 5,0% во овој тримесечен период 2014 година во однос на истиот период лани; Дефицит на Буџетот на РМ од 11.126 милиони денари (2,3% од БДП) и дефицит на Централниот буџет од 9.991 милиони денари (2,0% од БДП);

- Раст од 7,5% на годишна основа на вкупните кредити кон приватниот сектор и раст од 6,9% на вкупниот депозитен потенцијал на банките.

# 1. Реален сектор

## Индустриско производство

Во март 2014 година индустриското производство забележа раст од 0,6% во споредба со март 2013 година. Анализирано по сектори, секторот Преработувачка индустрија забележа раст на производството од 4,9%. Секторот Рударство и вадење на камен забележа пад од 3,2% како резултат на падот во гранките Вадење на јаглен и лигнит од 13,1% и Вадење на руди на метал од 1,7%, додека гранката Вадење на други руди и камен забележа раст од 13,3%. Секторот Снабдување со електрична енергија гас, пареа и климатизација забележа пад од 18,2%.

| Индустриско производство (во %) - март 2014 година | | | |
|---|---|---|---|
| | м/м-12 | м/м-1 | I-III 2014 / I-III 2013 |
| Вкупно | 0,6 | 19,6 | 3,0 |
| Рударство и вадење камен | -3,2 | 13,2 | -0,5 |
| Преработувачка индустрија | 4,9 | 21,5 | 8,0 |
| Снабдување со ел. енергија, гас пареа и климатизација | -18,2 | 14,6 | -16,6 |

Извор: ДЗС

Во рамки на Преработувачката индустрија позитивен годишен раст е регистриран кај 13 од 23 гранки, кои сочинуваат 52,7% од индустриското производство. Кај гранките со двоцифрено учество во структурата на индустриското производство забележан е раст во гранката Производство на облека од 7,2%, додека кај гранката Производството на прехранбени производи забележан е раст од 0,7%. Значителен раст е остварен и кај следните гранки: Производство на моторни возила, приколки и полуприколки 205,4%, Производство на производи од гума и производи од пластични маси 65,1%, Производство на електрична опрема 58,6%, Производство на хемикалии и хемиски производи 46,6%, Производство на текстил 27,6%, Производство на пијалаци, 16,5% и Производство на други неметални минерални производи 14,6%. Најголем позитивен придонес во годишната промена на индустриското производство во март 2014 година има Производство на производи од гума и производи од пластични маси (1,9 п.п.), а најголем негативен придонес има Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација (-2,3 п.п.).

Индустриското производство во март 2014 година во однос на февруари 2014 година забележа раст од 19,6%. Секторската анализа укажува дека раст е забележан во секторот Преработувачка индустрија од 21,5%, секторот Снабдување со електрична енергија, гас пареа и климатизација од 14,6% и во секторот Рударство и вадење камен од 13,2%, пред се како резултат на остварениот раст во гранките Вадење на други руди и камен од 30,0% и Вадење на руди на



метал од 16,9%, додека гранката Вадење на јаглен и лигнит забележа мал раст од 0,4%.

На кумулативна основа индустриското производство во периодот јануари – март 2014 година во однос на истиот период од 2013 година регистрира раст од 3%. Секторот Преработувачка индустрија забележа раст од 8%, додека секторите Рударство и вадење на камен и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација забележа пад од 0,5%, односно 16,6%.

Податоците за индустриското производство по наменски групи во март 2014 во однос на март 2013 година покажуваат зголемување на производството кај: Интермедијарни производи, освен енергија од 13,1% и Капитални производи од 3,8%, додека пад е забележан кај групите: Енергија од 17,2%, Трајни производи за широка потрошувачка од 8,1% и Нетрајни производи за широка потрошувачка од 0,2%.

На месечно ниво податоците за индустриското производство по наменски групи во март 2014 година покажуваат зголемување кај сите групи, и тоа: Нетрајни производи за широка потрошувачка од 32,6%, Интермедијарни производи, освен енергија од 15,7%, Енергија од 10,6%, Трајни производи за широка потрошувачка од 8,1% и Капитални производи од 3,7%.

На кумулативна основа, во периодот јануари – март 2014 година во однос на истиот период од минатата година раст е забележан кај групите: Интермедијарни производи, освен енергија од 14,3%, Капитални производи од 11,1%, Трајни производи за широка потрошувачка од 4,8% и Нетрајни производи за широка потрошувачка од 2,7%. Пад е забележан единствено кај групата Енергија од 15,7%.

## Деловни тенденции во преработувачката индустрија

Според оценката, тековната економска состојба на деловните субјекти во март 2014 година е поповолна во однос на претходниот месец, а понеповолна во однос на март 2013 година.




Оценката за обезбеденоста на производството со порачки е поповолна во однос на претходниот месец, и поповолна во однос на март 2013 година. Во март 2014 година оценката за обемот на производство е понеповолна во споредба со претходниот месец, додека пак очекувањата за обемот на производството во наредните три месеци се поповолни во однос на претходниот месец и во однос на март 2013 година.

Во однос на бројот на вработените, очекувањата во март 2014 година за наредните три месеци се понеповолни во однос на минатиот месец, а поповолни во однос на март 2013 година.

Просечното искористување на капацитетите во март 2014 година изнесува 59,8%, што претставува зголемување во однос на претходниот месец кога изнесуваше 58,9%. Споредено со март 2013 година, искористеноста на капацитетите е пониска за 0,1 п.п.

Во март 2014 година залихите на суровини и репроматеријали, како и тековните набавки на суровини и репроматеријали, се под и околу нормалата. Оценката за сегашната состојба со залихите на готови производи е понеповолна во споредба со претходниот месец, но поповолна во споредба со март 2013 година. Во наредниот тримесечен период, според оценката на раководителите, се очекува зголемување на просечните набавни цени на инпутите и зголемување на продажните цени на готовите производи.

Според оценките, најголемо влијание на ограничувањето на обемот на производството во март 2014 година имаат следните фактори: недоволната странска побарувачка со 25,7%, недоволната домашна побарувачка со 18,3%, недостигот на квалификувана работна сила со 13,4%, финансиските проблеми со 9,7% и неизвесното економско опкружување со 7,4%.

Како ограничувачки фактор во март 2014 година во однос на февруари 2014 година, помал број од деловните субјекти ги посочиле: неизвесно економско окружување, конкурентниот увоз и недоволната домашна побарувачка, додека поголем број од деловните субјекти ги посочиле: недостигот на квалификувана работна сила, финансиски проблеми, нејасни економски закони, недостиг на опрема и недостиг на суровини. Кај останатите фактори нема позначајни промени.

## Број на работници во индустријата

Бројот на работници во индустријата во март 2014 година во однос на март 2013 година забележа зголемување од 7,3 %.

Секторската анализа укажува на зголемување на бројот на работници во секторот Преработувачка индустрија за 8,7%, додека намалување на бројот на работници има во секторите Рударство и вадење камен за 1,3 % и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 0,5%.

Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во март 2014 година во однос на март 2013 година покажуваат дека зголемување на бројот на работници има кај групите: Капитални производи за 86,9%, Трајни производи за широка потрошувачка и Нетрајни производи за широка потрошувачка за 3,7% и Интермедијарни производи, освен енергија за 1,9%, додека опаѓање бележи кај Енергија за 1,8%.

Индексот на бројот на работниците во индустријата во периодот јануари - март 2014 година, во однос на периодот јануари - март 2013 година, изнесува 6,9%.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите




Во март 2014 година беа издадени 253 одобренија за градба, што претставува зголемување од 9,5% во однос на истиот месец од претходната година. Вкупниот број издадени одобренија за градење е зголемен за 19,3% во однос на февруари 2014 година, кога беа издадени 212 одобренија.

Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во март изнесува 21.644 милиони денари што е повеќе за речиси 8 пати во однос на март 2013 година. Во однос на февруари 2014 година, вредноста на објектите бележи зголемување за 6 пати.




Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 196 (или 77,5%) се наменети за објекти од високоградба, 30 (или 11,8%) за објекти од нискоградба и 27 (или 10,7%) за објекти за реконструкција.

Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 253 издадени одобренија за градба, за 114 (или 45,1%) објект како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 139 објекти (или 54,9%) инвеститори се деловни субјекти.

Во март 2014 година предвидена е изградба на 592 стана, со вкупна корисна површина од 65.077м$^2$. Бројот на предвидени станови за изградба е зголемен за 0,5% во однос на истиот месец од 2013 година, а за 33% во однос на февруари 2014 година.

Анализирано по региони, во март 2014 година најмногу одобренија за градба се издадени во Скопскиот регион, вкупно 131, од кои 41 одобренија се издадени за инвеститори - физички лица и 90 за инвеститори - деловни субјекти. Најмалку издадени одобренија има во Североисточниот регион - 10, од кои 5 одобренија се издадени за инвеститори - физички лица и 5 за инвеститори - деловни субјекти.

Анализирано на кумулативна основа, во периодот јануари – март 2014 година најмногу одобренија за градба се издадени во Скопскиот регион, вкупно 232,

од кои 100 одобренија се за инвеститори - физички лица, а 132 за инвеститори - деловни субјекти. Најмалку издадени одобренија има во Североисточниот регион, односно 31 одобрение, од кои 23 се за инвеститори - физички лица, а 8 за инвеститори - деловни субјекти.

## Инфлација




Годишната стапка на инфлација во март 2014 година, измерена според Индексот на трошоците на животот, изнесува 0,2%, со што продолжува трендот на ниска инфлација забележан во текот на последниот квартал од претходната и почетокот на тековната година. Просечната стапка на инфлација во првиот квартал од 2014 година изнесува 0,6%, наспроти инфлацијата од 3,5% истиот квартал претходната година.

На годишна основа, категоријата Храна и безалкохолни пијалаци, која има најголемо учество при пресметката на Индексот на трошоците на животот, забележа раст од 0,1%. Највисок годишен раст на цените во март е регистриран во категоријата Здравје од 10,2%. Раст на цените е регистриран и во следните категории: Алкохолни пијалаци и тутун од 5,5%, Комуникации од 2,1%, Облека и обувки од 0,5%, Образование од 0,2% и Останати стоки и услуги од 2%. Намалување на цените е регистрирано во категориите: Транспорт од 2,3%, Домување, вода, електрика, гас и други горива и Ресторани и хотели од 1,7%, Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина од 1,1%, и Рекреација и култура од 0,5%.

На месечна основа, инфлацијата во март 2014 година забележа пад од 0,3%. Цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци регистрираа намалување од 0,3%, како резултат на падот на цените на храната за истиот износ. Позначителен пад на цените е забележан во категоријата Комуникации од 1,8%. Месечен пад на цените е забележан и во категориите: Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина од 0,7%, Облека и обувки и Здравје од 0,4%, Ресторани и хотели од 0,3% и Транспорт од 0,2%. Цените останаа непроменети во категоријата Алкохолни пијалаци и тутун и Образование, додека пораст на цените на месечна основа е забележан во следните категории: Рекреација и култура од 0,6% и Останати стоки и услуги од 0,1%.

Цените на мало во март 2014 година во однос на март 2013 година се пониски за 0,7%. Споредено со претходниот месец, цените на мало се пониски за 1,2%. Просечниот раст на цените на мало во првите три месеци од 2014 година изнесува 0,2%.

## Берзански цени

Во март 2014 година цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи забележа пад од 1,3% во однос на претходниот месец и изнесуваше 107,4 долари за барел. Споредено со март 2013 година, цената на нафтата е пониска за 1,7%. Цената на природниот гас во март се намали за 11,7% во однос на претходниот месец.




Што се однесува до металните производи, никелот како производ со високо учество во македонскиот извоз, во март 2014 година се тргуваше со просечна цена од 15.678 долар за еден метрички тон ($/мт), што претставува месечен раст на цената од 10,4%. Споредено со март 2013 година цената на никелот е пониска за 6,3%. Во рамки на основните метали, во март се забележува месечно зголемување на цената на калајот и алуминиумот од 0,9% и 0,6%, соодветно, додека пад на цените имаат забележано бакарот од 7,0%, оловото од 2,6% и цинкот од 1,3%. Цената на железната руда во март забележа месечен пад од 7,9%. Кај благородните метали е забележано месечно зголемување на цената на платината од 3,0% и на златото од 2,8%, додека пад на цените има забележано кај среброто од 0,6%.

Во март 2014 година цената на пченицата на светските берзи се зголеми за 10,7% во однос на февруари 2014 година, додека цената на пченката забележа раст од 6,2%. Цената на јагнешкото месо во март забележа месечен раст од 0,4%.

# 2. Надворешно - трговска размена

Вкупната надворешно - трговска размена во првите три месеци во 2014 година изнесува 2.050,0 милиони евра, што претставува зголемување за 10,4% во однос на истиот период 2013 година.




## Извоз

Во периодот јануари - март 2014 година физичкиот обем

на извозот бележи раст од 10,7% во однос на истиот период 2013 година, а вредноста на извезените стоки изнесува 811,9 милиони евра и бележи раст од 12,7% (91,5 милиони евра) во однос на периодот јануари - март 2013 година.

Анализирано на месечно ниво, во март 2014 година извозот бележи поместување нагоре од 5,3% (15,0 милиони евра) во однос на претходниот месец.

Сезонско прилагоденото движење на извозот во март 2014 година бележи месечен пад од 3,3%, што укажува на позитивното влијание на сезонскиот фактор (8,6 п.п.) врз извозот во овој месец.

Главни групи производи (според СМТК) со најголемо учество во извозот во периодот јануари - март 2014 година се: хемиски материи и производи 18,6%, железо и челик со 16,2%, облека 16,2%, метална руда и отпадоци од метал 4,6%, пијалаци и тутун 3,6% и нафта и производи од нафта 1,2%. Овие шест групи производи сочинуваат 60,4% од вкупниот извоз на државата.




Во првите три месеци од 2014 година, гледано по економска намена најголемо учество во извозот имаат: стоките за индустриски набавки (49,9%), потоа следуваат стоките за широка потрошувачка (21,9%), производите за инвестиции без транспортна опрема (12,3%), храна и пијалаци (8,3%), транспортна опрема (6,4%) и горива и мазива (1,1%).

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - III - 2013 | I - III - 2014 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 135,4 | 136,2 | 0,7 | 0,5 |
| Мил. ЕУР | 133,9 | 131,4 | -2,5 | -1,8 |
| Мил.$ | 176,7 | 179,9 | 3,2 | 1,8 |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - III - 2013 | I - III - 2014 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 160,2 | 124,7 | -35,5 | -22,1 |
| Мил. ЕУР | 75,9 | 61,4 | -14,5 | -19,0 |
| Мил.$ | 100,3 | 84,2 | -16,1 | -16,0 |

*)Претходни податоци



Анализирано по тарифи, најзастапени производи во извозот се: катализатори на подлога со благороден метал или со соединенија на благородни метали како активна материја; машини и апарати за филтрирање или пречистување на други гасови со каталитичка постапка; фероникел; сетови на спроводници за палење и други сетови на спроводници за возила, воздухоплови или бродови; феросилициум; табли, плочи, пултови, маси, ормани и друго; машки кошули од памук; иницијатори на реакција, забрзувачи на реакција и каталитички препарати; моторни возила за превоз на десет или повеќе лица, вклучувајќи го и возачот; плоснато валани производи од железо или нелегиран челик со ширина 600 мм или поголема, платинирани или превлечени; руди на олово и концентрати; руди на бакар и концентрати; и друго.

## Увоз

Увезените количини на стоки во периодот јануари - март 2014 година се зголемени за 0,5% во однос на периодот јануари - март претходната година, а нивната вредност изнесува 1238,2 милиони евра, што претставува зголемување за 8,9% (101,1 милиони евра) во однос на истиот период 2013 година.

Анализирано на месечно ниво, во март 2014 година увозот бележи раст од 6,0% (25,3 милиони евра) во однос на претходниот месец.

Сезонско прилагоденото движење на увозот во март 2014 година бележи месечен пад од 3,4%, што укажува на позитивното влијание на сезонскиот фактор (9,4 п.п.) врз увозот во овој месец.

| Извоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - III - 2013 | I - III - 2014 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 35,5 | 22,3 | -13,2 | -37,3 |
| Мил. ЕУР | 19,5 | 9,6 | -9,9 | -50,7 |
| Мил.$ | 25,7 | 13,2 | -12,5 | -48,8 |

| Увоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - III - 2013 | I - III - 2014 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 180,6 | 221,6 | 41,0 | 22,7 |
| Мил. ЕУР | 115,9 | 121,8 | 5,9 | 5,1 |
| Мил.$ | 152,6 | 166,9 | 14,3 | 9,4 |

*)Претходни податоци

Најголем дел од увозот на стоки (според групи на СМТК) во периодот јануари - март 2014 година, покрај нафта отпаѓа на: обоените метали; предиво, ткаенини и текстилни производи; железо и челик; електрични машини, апарати и делови; друмски возила; изработки од неметални минерали; и друго.




Гледано по економска намена во периодот јануари - март 2014 година најголемо учество во увозот имаат: стоките за индустриски набавки (45,7%), потоа следуваат горива и мазива (16,7%), производите за инвестиции без транспортна опрема (12,5%), храна и

пијалаци (10,3%), стоките за широка потрошувачка (9,8%) и транспортна опрема (4,9%).

Најзастапени производи во структурата на увозот по тарифи се: платина, необработена или во прав; гасни масла за други намени со содржина на сулфур што не надминува 0,001% по маса; електрична енергија; паладиум: необработен или во прав; нафтени гасови и други гасовити јагленоводороди; керамички производи за лабораториска, хемиска или друга техничка употреба; масла за ложење со содржина на сулфур по маса што надминува 0,1%, но не надминува 1% по маса; руди на никел и концентрати; топло валани со дебелина помала од 3 мм; лекови приготвени во одмерени дози; и друго.

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - III - 2013 | I - III - 2014 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 1,6 | 3,0 | 1,5 | 94,5 |
| Мил. ЕУР | 113,3 | 151,4 | 38,1 | 33,6 |
| Мил.$ | 149,6 | 207,7 | 58,1 | 38,8 |

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - III - 2013 | I - III - 2014 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 6,5 | 6,8 | 0,3 | 4,9 |
| Мил. ЕУР | 19,1 | 19,0 | -0,2 | -0,8 |
| Мил.$ | 25,2 | 26,0 | 0,9 | 3,4 |

*)Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

Во првите три месеци во 2014 година трговскиот дефицит се прошири за 9,6 милиони евра или 2,3% во однос на периодот јануари - март минатата година.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, проширувањето на дефицитот е резултат на комбиниран ефект од: проширувањето на негативното салдо во размената со стоките за индустриски набавки, горива и мазива и храна и пијалаци додека во спротивна насока дејствуваше стеснетото негативно салдо во размената со стоките за инвестиции без транспортна опрема, транспортна опрема и стоките за широка потрошувачка.

Анализирано според економските групации на земјите, во периодот јануари - март 2014 година споредено со истиот период 2013 година, извозот бележи раст кај групациите: ЕУ 27, ЕФТА и Организација на земјите - извознички на нафта и нафтени деривати, додека пад има кај групациите: Западен Балкан, Северноамериканска зона на слободна трговија, Организација за економска соработка на земји од Азиско - пацифичкиот регион и Заедница на независни држави. Извозот во ЕУ бележи раст од 25,2% на годишно ниво, додека кај земјите од Западен Балкан истиот бележи пад од 11,8%.

Во првите три месеци од 2014 година, надворешно-трговската размена на Република Македонија со Европската унија (ЕУ 27) во однос на истиот период претходната година се зголемила за 24,3%, при што учеството на размената со оваа интеграција во вкупната надворешно-трговска размена бележи позитивно поместување од 5,5 п.п. и изнесува 69,9%. Извозот на стоки со Европската унија (ЕУ 27) во вкупниот извоз на Република Македонија учествува со 80,1%, а увозот на стоки со 63,2%.

Во периодот јануари - март 2014 година, 85,0% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, Грција, Србија и Кина, а потоа следуваат: Турција, Русија, Романија, Словенија, Австрија и други.

Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Белгија, Босна и Херцеговина и Холандија.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура 75,0% од трговската размена во периодот јануари - март 2014 година е реализирана во евра, што во однос на периодот јануари - март 2013 година претставува зголемување од 3,0 п.п. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 87,4% и 66,8%, соодветно, при што застапеноста на еврото во извозот е зголемена за 4,6 п.п., додека застапеноста на еврото кај увозот е зголемена за 1,7 п.п. во однос на периодот јануари - март 2013 година.

Надворешно трговска размена на Република Македонија (по валути ); пресметки на МФ

| увоз | I - III - 2013 | | | | | I - III - 2014 | | | | | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | | |
| ЕУР | 660,2 | 739.884.131 | 61,6552 | 45.617.720.766 | 65,2 | 717,3 | 827.053.309 | 61,6898 | 51.020.718.562 | 66,8 | 87.169.179 | 11,8 |
| УСД | 679,1 | 332.547.126 | 47,5128 | 15.800.228.982 | 22,6 | 627,9 | 339.400.896 | 44,6246 | 15.145.621.570 | 19,8 | 6.853.771 | 2,1 |
| ГБП | 0,7 | 117.181.470 | 71,7134 | 8.403.484.637 | 12,0 | 1,2 | 126.310.322 | 74,2057 | 9.372.948.333 | 12,3 | 9.128.853 | 7,8 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 1.340,0 | | | 69.821.434.385 | 87,7 | 1.346,4 | | | 75.539.288.465 | 99,0 | | |
| вк извоз: | 1.342,3 | | | 70.011.319.817 | 100,0 | 1.348,7 | | | 76.337.551.410 | 100,0 | | 9,0 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРМ

# 3. Фискален сектор

## Буџетски приходи




Во периодот јануари-март 2014 година вкупните приходи на Буџетот изнесуваа 32.291 милиони денари, односно 6,6% од БДП, што претставува поголемо остварување за 8,0% во однос на 2013 година.

Даночните приходи за првите три месеци се реализирани во износ од 18.216 милиони денари, односно 3,7% од БДП и во однос на истиот период 2013 година се зголемени за 10,4%.

Данокот на додадена вредност е остварен во износ од 9.971 милиони денари, при што учеството на ДДВ во вкупните даночни приходи во овој период е доминантно и изнесува 54,7%. Акцизите се остварени во износ од 3.095 милиони денари (учество од 17,0% во даночните приходи). Така, од овие два даноци се остварени приходи од 13.066 милиони денари, односно 71,7% од вкупните даночни приходи (2,7% од БДП). Притоа, ДДВ е наплатен во бруто износ од 14.106 милиони денари, од кои на даночните обврзници им е извршен поврат во износ од 4.135 милиони денари (бруто наплатата е речиси

идентична, односно пониска за незначителни 0,05%, додека повратот по основ на ДДВ е понизок за 38,0% споредено со истиот период 2013 година).

Во структурата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ при увоз кој забележува пад од 2,9%, додека ДДВ од прометот во земјата забележува пад од 6,6%, учеството на ДДВ на донациите е незначително (1,2%) и забележува поголемо остварување за 95,6%. Набљудувано по одделни категории на даноци, приходите од персоналниот данок се остварени во износ од 2.786 милиони денари и забележуваат раст од 14,4% на годишна основа, при што 64,9% од персоналниот данок претставува приходот од данокот на плати и други лични примања, 7,9% од приходи по основ на договор на дело и 4,3% од приходи од капитал. Споредено со истиот период во 2013 година приходите од данокот од добивка во износ од 1.039 милиони денари забележаа пад од 35,7%, што главно е резултат на данокот наплатен по основ на месечни аконтации и по исплатена дивиденда и друга распределба од добивката. Приходите од ДДВ забележаа забележителен раст од 34,0%, додека акцизите забележаа умерен пад, односно помало остварување за 2,3%. Приходите од царина беа остварени во износ од 1.042 милиони денари и забележаа зголемување од 2,7%. Приходите од други даноци беа остварени во износ од 283 милиони денари.

Неданочните приходи беа остварени во износ од 2.591 милиони денари и во однос на истиот период од 2013 година забележаа раст од 0,8% (во овие приходи се приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди, се остварија во износ од 181 милиони денари, што претставува намалување од 39,5% во однос на истиот период претходната година.

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална соработка се остварија во износ од 612 милиони денари, односно повеќе за 34,2% во однос на истиот период лани.

Социјалните придонеси од плата се остварени во износ од 10.211 милиони денари, што е повеќе за 5,1% споредено со истиот период од 2013 година, при што зголемување на наплатата се забележува кај придонесите за пензиско осигурување од 5,2%, додека кај придонесите за здравствено осигурување и кај придонесите за вработување од 4,8%.

## Буџетски расходи

Во периодот јануари-март 2014 година вкупните расходи на Буџетот изнесуваа 43.417 милиони денари, односно 8,8% од БДП, што е повеќе за 5,0% во однос на истиот период во 2013 година.

Во структурата на реализираните вкупни расходи, тековните расходи во износ од 39.109 милиони денари односно 8,0% во БДП и се зголемени за 4,8% во однос на истиот период во 2013 година.

Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите кои изнесуваа 28.208 милиони денари (5,7% од БДП), а втори по големина се платите и надоместоците со 5.702 милиони денари. Во вкупните расходи на Буџетот, структурното учество на расходите за плати и надоместоци изнесува 13,1% и во однос на 2013 година се зголемени за 1,5%.

Расходите за стоки и услуги изнесуваа 4.159 милиони денари и споредено со истиот период од 2013 година се поголеми за 1,2%.

Трансферите забележаа зголемување од 6,8% споредено со истиот период во 2013 година и истите учествуваа со 65,0% во вкупните расходи. Социјалните трансфери изнесуваа 18.895 милиони денари, забележаа раст од 5,4% и учествуваа со 43,5% во вкупните расходи. Трансферите кон Фондот за пензиско и инвалидско осигурување зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, со износ од 11.696 милиони денари, зголемување од 6,7%, споредено со истиот период од 2013 година и учество од 26,9% од вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, кои ги вклучуваат трансферите кон единиците на локалната самоуправа, во вкупните расходи изнесува 20,8%, односно забележаа зголемување од 9,4%, споредено со истиот период од 2013 година. Блок дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 3.586 милиони денари, беа реализирани за 0,8% помалку во однос на истиот период претходната година. Субвенциите и трансферите беа остварени повеќе за 17,6%.

Каматите се реализирани во износ од 1.040 милиони денари, што е помалку за 10,6% во споредба со истиот период од 2013 година. Ваквото остварување е претежно поради исплата на доспеани обврски за камати од задолжување во земјата и во странство. Трошоците за камати од домашно задолжување беа зголемени за 27,0%, додека за странство беа намалени за 24,3%.

Во анализираниот период средствата за капиталните расходи беа реализирани во износ од 4.308 милиони денари со двоцифрено структурно учество во вкупните расходи (0,9% учество во БДП), односно забележаа зголемување од 6,5% во споредба со истиот период лани.

## Буџетско салдо

Во периодот јануари- март 2014 година остварен е дефицит во Буџетот на Република Македонија од 11.126 милиони денари, што претставува 2,3% од БДП, додека дефицитот на Централниот буџет е остварен во износ од 9.991 милиони денари и претставува 2,0% од БДП.

# 4. Социјален сектор

## Број на нововработени и регистрирани невработени лица во АВРМ[1]

Во првите три месеци од 2014 година во Агенцијата за вработување на Република Македонија регистрирани се вкупно 44.154 нови засновани работни односи. Од вкупниот број нововработени, 46,0% се вработени на неопределено време, додека останатиот дел се вработени на определено време и за вршење сезонски работи. Споредено со март 2013 година, бројот на засновани нови работни односи е поголем за 12,2%.

Во текот на март засновани се 15.008 нови работни односи, од кои 23,4% се од евиденцијата на невработени. Одливот на лица од Регистарот на Агенцијата за вработување на Република Македонија во март изнесува 6.297, од кои 54,7% претставуваат нови засновани работни односи. Во март 2014 година во Агенцијата е регистриран прилив од 5.510 лица, од кои 34,3% се лица на кои им престанал работниот однос. Така, во март 2014 година бројот на регистрирани невработени лица изнесува 104.067, а бројот на други невработени е 116.944.




Најголем дел од невработените, односно 72,7% се од урбани средини (градско население), а 58,1% се мажи. Анализирано според степенот на образование, поголемиот дел, односно 45,9% од невработените се без образование, со основно образование или со непотполно средно образование, 34,7% се со завршено средно образование, додека 19,4% имаат вишо или повисоко ниво на образование. Гледано според возрасни групи, најголемиот дел или 49,4% од невработените припаѓаат на возрасната група 25-49 години. Според времето на чекање на вработување, 39,3% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 14,7% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати

Согласно објавените податоци на Државниот завод за статистика, просечната месечна исплатена бруто плата по вработен во февруари 2014 година изнесува 30.662 денари, додека просечната месечна исплатена нето плата изнесува 20.941 денари.

[1]Со изменувањето и дополнување на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност (Службен весник на Република Македонија бр. 114/2012) извршени се измени и во делот на евиденцијата на невработените лица. Со овој Закон утврден е основ за воспоставување и водење две евиденции и тоа евиденција на невработени лица и евиденција на други лица кои се пријавуваат во Агенцијата за вработување.

На месечна основа, во февруари 2014 година просечните бруто и нето плата бележат номинален пад од 1,8%, а реално истите се пониски за 1,7%.




Во февруари 2014 година во однос на февруари 2013 година, просечната бруто плата бележи номинален раст од 0,1%, додека реално истата е пониска за 0,5%. Просечната нето плата номинално е повисока за 0,1%, додека на реална основа истата бележи пад од 0,4%.

На кумулативна основа, во периодот јануари-февруари 2014 година просечната бруто плата бележи номинален раст од 0,3%, додека реално истата е пониска за 0,4%. Просечната нето плата номинално е повисока за 0,4%, додека на реална основа истата бележи пад од 0,3%.

Највисок раст на просечната месечна бруто и нето плата по вработен во февруари 2014 година во однос на февруари 2013 година се забележува во секторите: Рударство и вадење на камен (13,8% бруто плата и 16,5% нето плата) и Градежништво (8,5% бруто плата и 8,7% нето плата).

Намалување на просечната месечна исплатена бруто-плата по вработен во однос на претходниот месец е забележано во секторите: Земјоделство, шумарство и рибарство (7,0% бруто плата и 6,5% нето плата) и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација (6,6% бруто плата и 6,5% нето плата).

Процентот на вработени кои не примиле плата во февруари 2014 година изнесува 1,3% и е за 1,0 п.п. понизок во однос на истиот месец од претходната година, а во однос на јануари 2014 година истиот е понизок за 0,2 п.п.

## Пензии

Во март 2014 година во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување евидентирани се 292.320 пензионери, што претставува зголемување од 1,9% во однос на истиот месец од 2013 година. Во однос на февруари 2014 година бројот на корисници на пензија е поголем за 1.832 лица. Од вкупниот број пензионери, 58,5% се корисници на старосна пензија, 26,3% на семејна пензија и 15,2% на инвалидска пензија.



За исплата на пензиите во март 2014 година потрошени се 3.527,33 милиони денари, што претставува 53,4% од вкупните социјални трансфери[2].

Просечната пензија во март 2014 година изнесува 12.429 денари, што на годишно ниво претставува зголемување од 4,6%. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во февруари 2014 година (последни расположливи податоци) изнесува 59,3%.

# 5. Монетарен сектор

## Примарни пари

Во март 2014 година примарните пари[3] забележаа пад на годишно ниво од 3,6%, наспроти растот од 3,5% минатиот месец. Падот се должи на намалените вкупни ликвидни средства на банките од 8,9%. Готовите пари во оптек забележаа раст од 3% на годишна основа.




На месечно ниво, примарните пари забележаа пад од 2,9%, како резултат на падот на вкупните ликвидни средства на банките од 6,6%, додека готовите пари во оптек се зголемија за 1,6% во однос на претходниот месец.

Во март 2014 година, Народната банка на Република Македонија, во услови на стабилни движења, одлучи ја задржи каматната стапка на благајничките записи на нивото од 3,25%.

## Депозитен потенцијал

Вкупниот депозитен потенцијал на банките[4] во март 2014 година забележа забавен раст од 0,6% на месечна основа, наспроти растот од 1,4% претходниот месец. Анализирано според секторот, растот на депозитите беше воден во голема мера од зголемените депозити на приватните претпријатија, кои забележаа раст од 3,8%, додека депозитите на домаќинствата се зголемија за 0,2%. Од аспект на валутата, депозитите во домашна валута, со пораст од 0,8%, го водеа растот на вкупните депозити, додека депозитите во странска валута се зголемија за 0,3%.

[2] Категоријата социјални трансфери ги опфаќа пензиите, паричниот надоместок во случај на невработеност, социјалната помош и расходите за здравствена заштита.
[3] Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари)
[4] Почнувајќи од јануари 2009 година депозитите вклучуваат пресметана камата

На годишна основа, вкупниот депозитен потенцијал во март 2014 година се зголеми за 6,9%, што е засилување во однос на претходниот месец кога беше регистриран раст од 6,1%. Од аспект на валутата, во март 2014 се забележува раст на депозитите во домашна валута од 12%, кој доминантно го водеше растот на вкупните депозити на годишна основа, додека депозитите во странска валута се зголемија за 0,8%. Од аспект на секторот, депозитите на домаќинствата бележат раст од 7,2%, додека депозитите на претпријатијата се зголемија за 8,2%. Според рочноста, долгорочните депозити бележат раст од 24%, додека краткорочните депозити се намалија за 2%.




## Кредити на банките

Во март 2014 година вкупните кредити на банките кон приватниот сектор на месечна основа забележаа засилен раст од 1,1% (наспроти растот од 0,4% во февруари), во услови на раст на кредитите кон домаќинствата од 1% и кредитите на претпријатијата од 1,2%. Од аспект на валутата, денарските и девизните кредити се зголемија за 1,2% и 0,7% соодветно.

На годишна основа, во март 2014 вкупните кредити остварија засилен раст од 7,5% (во февруари растот изнесуваше 7%), во услови на раст на кредитите кон претпријатијата од 4,7% и раст на кредитите на домаќинствата од 11,3%. Според валутата, новото кредитирање е целосно во домашна валута. Кредитите во домашна валута се зголемија за 10,2%, додека оние во странска валута се намалија за 0,6%. Од аспект на рочноста пак, долгорочните кредити бележат годишен раст од 9,3%, додека краткорочните кредити се повисоки за 6,4%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Во март 2014 година, вкупната каматна стапка на кредитите изнесува 7,3% и е на истото ниво од претходниот месец. Во однос на истиот месец 2013 година таа е пониска за 0,5 п.п. Каматната стапка на денарските кредити го задржа нивото од 7,6%, а непроменета е и каматната стапка на девизните кредити која е на ниво од 6,4%.



Вкупната каматна стапка на депозитите изнесува 2,6% и е непроменета од минатиот месец, додека во однос на март претходната година оваа стапка е пониска за 0,5 п.п. Каматната стапка на денарските депозити се зголеми на месечно ниво од 3,8% на 3,9%, додека таа на девизните депозити е непроменета и изнесува 1,5%.

## Девизни резерви

Бруто девизните резерви на крајот на март 2014 година изнесуваа 1.941,2 милиони евра и во однос на претходниот месец се пониски за 45,9 милиони евра, додека во однос на март 2013 година девизните резерви се пониски за 289,2 милиони евра.

**Министерство за финансии**

**Сектор за макроекономска политика**

**www.finance.gov.mk**

**Извештајот го подготвија:**

Ана Николова

Ангела Васовска

Анета Дудеска

Бојана Илиевска

Ѓоко Ѓорѓески

Копринка Сапунова

Неџати Куртиши

**Контролирал:** Д-р Сања Киковска - Георгиевска

**Одобрил:** Јордан Трајковски

Скопје, мај 2014 година